Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 93/0306
30.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.04.2024 година, врз основа на примена жалба од Кристина Крлеска Деспотоска го донесе следнава:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Текстот, објавен во онлајн медиумот Охридскај (ohridsky.com.mk) на 27.03.2024г., со наслов Животен пат: Кристина Крлеска Деспотовска – „Имав трновит животен пат, од возач на Товарно возило-Ѓубретарка во Комуналец, ракувач со алатни машини, до директор, никој нема повеќе работено од мене“!!!!, отстапува од етичките стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Кристина Крлеска Деспотоска на 06.02.2024 поднесе претставка до Извршната канцеларија за Жалбената Комисија на СЕММ за посочениот текст во Мислењето објавен на порталот Охридскај со навод дека текстот отстапува од професионалните и етичките стандарди. Жалителката смета дека станува збор за неточно и нефер известување, како и за нарушување на приватноста.

Во претставката меѓу другото е наведено дека се жали за:
„Изнесена изјава од мое име без да дадам изјава на груб и ироничен начин“.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

До Жалбената комисија на СЕММ, преку Извршната канцеларија до моментот на разгледување на претставката не е добиен никаков одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Со текстот со наслов, Животен пат: Кристина Крлеска Деспотовска – „Имав трновит животен пат, од возач на Товарно возило-Ѓубретарка во Комуналец, ракувач со алатни машини, до директор, никој нема повеќе работено од мене“!!!!, објавен во Охридскај на 27.03.2024 г., се прекршени етичките правила, поточно Член 1 од Кодексот на новинарите на Макдонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа спорниот текст и утврди дека во него не е на јасен начин посочен јавниот интерес, ниту пак на некој начин е посочено зошто токму во тој момент е објавена наводна изјава на жалителката Крлеска Деспотовска.

Комисијата, притоа, сепак имаше предвид дека жалителката е јавна личност која освен со професијата се занимава и со политика, како раководител на партиска организација во Охрид на една од политичките партии и дека околу датумот кога е објавен текстот, друга политичка партија против нејзе поднесе кривична пријава за нејзино незаконско назначување на позицијата директор на филијалата на Централниот регистер во Охрид. Од тука е јасно дека станува збор за тема од јавен интерес, иако порталот во објавената содржина не го назначил тоа. Поради овие причини Комисијата заклучи дека со така објавената содржина не може да стане за нарушување на приватноста како што тоа во својата претставка го навела жалителката.

Сепак, по разгледување на содржината Комисијата заклучи, прво дека не може да стане збор за класична новинарска содржина, а второ дека постојат и други недостатоци од аспект на професионалното, односно етичко известување според правилата во Кодексот. Имено, Комисијата констатираше дека станува збор за изјава од жалителката за неколку работни позиции што ги извршувала во животот, без никакво друго појаснување. Освен насловот што е извлечен од исказот на жалителката, не се забележува никаква новинарска интервенција.
Комисијата, исто така, утврди дека содржината на текстот е стара две години и дека целосно истиот текст бил објавен во 2022 година на истиот портал Охридскај и на порталот Мактел.мк. Имајќи го предвид овој факт, Комисијата заклучи дека станува збор за измама на јавноста, односно дека со објавената содржина јавноста се доведува во заблуда дека дадената изјава – без оглед дали е нејзина или не – а која е стара две години сега се реобјавува на Охрдскај како да станува збор за нова изјава.

Овој факт беше доволен за Комисијата да констатира дека станува збор за прекршување на Член 1 од Кодексот, кој пропишува дека професионално и етичко известување на новинарите е да објавуваат вистинити, точни и проверени информации. Членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија гласи:

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.
Објавената содржина не ги содржи елементите на точни и проверени информации, ниту пак медиумот се придржувал до правилот да не прикрива суштински податоци, со оглед на фактот што не и соопштил на јавноста дека истата содржина е објавена пред две години.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595